# ХИДРОКОЛ И

*Градежно лепило за израмнување на внатрешни и надворешни површини*

## ОБЛАСТ НА ПРИМЕНА

Лепило за израмнување на цементни, малтерисани површини и површини од керамички блокови во слој со дебелина од 3-20mm. Хидрокол И може да се вградува во комбинација со безалкална мрежа како армирана ѕидна облога, како и за пополнување на неконструктивни оштетувања во завршните облоги на конструкцијата.

## СВОЈСТВА

- прашкаст материјал, кој се подготвува со вода;
- добра атхезија за подлогата;
- со продолжено време за обработка;
- одлична обработливост;
- добра лепливост и компактност на смесата;
- за внатрешна и надворешна употреба;
- едноставен за подготовка;
- овозможува брза и лесна изведба;
- со фина структура.

## ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

| СВОЈСТВО | МЕТОД | ДЕКЛАРИРАНА ВРЕДНОСТ |
|---|---|---|
| Изглед | - | бел прашок |
| W/M | - | 0,21-0,24 |
| Густина на свеж материјал | EN 1015-6 | 1,4-1,5g/cm³ |
| Густина на стврднат материјал | EN 1015-10 | 1,4-1,5g/cm³ |
| Дебелина на еден слој | - | 3- 20mm |
| Отворено време за работа | - | ≥3h |
| Температура на подлогата и воздухот при вградување | - | 5-35˚C |
| Употреба, на 20°C и релативна влажност на воздухот од 50-60% | - | по 24h |

## МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ИЗВЕДБА

**ПОГОТОВКА НА ПОДЛОГАТА**

Подлогата треба да биде здрава, чиста, без маснотии, прашина и без лабилни делови. Пред нанесување подлогата треба да се навлажни со вода.

**ВГРАДУВАЊЕ**

Хидрокол И се подготвува со 5,0-6,0l вода за вреќа од 25kg и се меша со електричен мешач до потполно воедначување. Нанесувањето е со мистрија, глетарка или со шпахтла во слој од 3-20mm. Температурата при вградување треба да биде од 5-35˚C.
Во зависност од дебелината на слојот, по сушење на Хидрокол И, доколку е потребно површината може дополнително да се обрабти со стругање.

## ПОТРОШУВАЧКА

За слој од 1mm: 1,1 kg/m²





ADING
АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Северна Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk

## ЧИСТЕЊЕ

Алатот и опремата се чистат со вода веднаш по употребата.

## ПАКУВАЊЕ

Вентил вреќи од 25kg

## СКЛАДИРАЊЕ

Во оригинална, затворена амбалажа, во суви простории, на температура од 5-35˚C. Рок на употреба: 12 месеци.

Опасност по здравјето: Потребно е да се избегнува контакт на производот со кожата и вдишување на прашкастиот материјал. Материјалот не е токсичен, но при ненадеен контакт, во случај да се контаминираат површини на кожата, истите места треба веднаш да се измијат со вода и сапун. Ако материјалот прсне во очи, потребно е веднаш да се исплакнат со многу вода и да се побара медицинска помош. Дополнителни информации се дадени во Безбедносниот лист на производот.
Пожар: Хидрокол И е незапалив. Дополнителни информации се дадени во Безбедносниот лист на производот.
Чистење и депонирање: Неврзани остатоци од Хидрокол И се чистат со вода. Старата искористена амбалажа потребно е да се депонира според локалните прописи и регулативи за тој тип на отпад.
Препорачуваме начинот на нанесување и потребните количини да се приспособат кон условите на објектот, како и задолжителна примена на соодветна опрема. Дополнителни информации се дадени во Безбедносниот лист на производот.





ADING
АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Северна Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk